Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и член 7 став 1 алинеја 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија"бр. 90/09, 188/13 и 192/15), а во врска со Заклучокот бр. 7 од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година, министерката за одбрана донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висината на надоместокот за користење на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, бр. 01-5252/1 од 30.10.2014 година, бр. 01-5252/3 од 19.11.2014 година, бр. 01/3893/1 од 24.06.2015 година, бр. 01-1401/3 од 25.02.2016 година, бр. 01-5745/1 од 20.10.2017 година, бр. 01-598/1 од 24.01.2018 година и бр. 01-3884/1 од 24.06.2019 година, по членот 4, се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

Во период на пандемијата од корона вирусот, висината на надоместокот за користење на капацитетите на Армијата, од членот 4 од овој правилник, се намалува за 50%, за користење на капацитетите од член 2 од овој правилник и друг простор, заради организирање и одржување на наменски културен, забавен или спортски настан, поради ограничувањата, мерките и препораките при организирање на вакви настани."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-4085/1
21-09-2020 2020 година
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска-Јанковска